СПАСЕН ОД ПЕКОЛНИОТ ПЛАМЕН
НА СПИРИТИЗМОТ

Илија Ампевски

**СПАСЕН ОД ПЕКОЛНИОТ ПЛАМЕН НА СПИРИТИЗМОТ**

Дизајн на корицата и форматирање:
**Лазар Томовски**

Издава:
**АИК „Знаци на времето“ - Скопје**
ул. Влае бр. 42

За издавачот:
**Михајло Гурев**

Печати:
**„Напредок“ - Тетово**

Илија Ампевски

# Спасен
## *од пеколниот пламен на*
# СПИРИТИЗМОТ

Второ издание на македонски јазик

## Предговор

Во текот на својата бурна историја нашата планета Земја поминувала низ тешки кризи и катастрофи со планетарни размери. И човештвото, кое ја гази нејзината почва, заедно со неа поминувало низ мракобесија во кои одвај преживувало. Но, сепак, наскоро поголем дел од човештвото ќе го голтне последното, најмракобесно мракобесие, наречено спиритизам.

Станува збор за надрационален феномен зад кој стојат мрачните демонски сили, мистерија со која нашиот рацио не може да се справи, бидејќи не дораснал ниту пак ќе дорасне да ја одгатне, правилно да ја сфати и успешно да се фати со неа во костец. Значи, соочени сме со феномени од областа на надрационалното, и ако не бидеме библиски, и единствено библиски подготвени да поделиме мегдан со нив, и нас ќе нè голтне нивното мракобесие.

Според библиското пророштво, спиритизмот ќе се шири како пожар кога ќе зафати стрниште и ќе го запали светот, ќе стане најраширена и најдоминантна духовна појава на светската сцена, вистинско мајсторско ремек-дело на сатанската измама, сатанска сила во последните денови, пред второто Христово доаѓање, која ќе се инфилтрира и ќе ги проникне сите сфери од општествениот живот и којашто ќе ја прифати и пред која ќе се поклони поголем дел од светот, од најсиромашните во бедните колиби на зафрлените подрачја,

до најбогатите во луксузните и раскошните палати, и од наједноставните луѓе, до најголемите интелектуалци. Пред моќните и чудесни манифестации на спиритизмот човекот останува не само нем, туку и зашеметен, вџашен и стаписан.

Според тоа, спиритизмот е најподмолно убиствено сатанско оружје, без никаков човечки пандан. Тој е безизлезен демонски лавиринт, сатанска мрежа со која сатаната заробил милиони луѓе кои ги држи во најцрно ропство, врзани во нераскинливи вериги и безнадежно оковани во тешки прангии, цврсто стегнати со неговите страшни канџи кои длабоко ги зарил во нив. Тој е хорор, мрачна бездна во која, како што кажавме, наскоро сатаната ќе струполи поголем дел од човештвото кое не е подготвено правилно да се соочи со неговите надрационални манифестации.

Ако му дозволиме на сатаната и на неговите мрачни демонски сили на кој било начин да нè вовлечат во лавиринтот на смртта наречен спиритизам, со нас е готово, за нас нема спас, освен еден единствен - Бог да ни дојде на помош и Бог да ги скрши неговите окови и прангии, да ги раскине неговите вериги и да нè извлече од неговиот лавиринт и од неговата бездна! Друг начин не постои, сè друго води во сигурна смрт и тоа во вечна смрт.

Авторот на книгата што ја држите во рака, Илија Ампевски, потонал во матните води на спиритизмот и само што не се удавил. Тој во последен миг ја прифатил Божјата рака, која константно им е подадена на сите кои се во неволја и Бог го избавил од безизлезниот лавиринт на смртта, од лавиринтот на спиритизмот.

На извонредно убав и сликовит начин, низ личните искуства на авторот што ги опишува во својата книга, ние без здив, во живо ја следиме и ја гледаме жалната и очајна состојба во која се наоѓаат сите робови на спиритизмот, начинот на кој станале негови заробеници, и страватиите и хорорите низ кои поминуваат пекајќи и барајќи излез од пеколните маки што ги тргаат.

Од тие причини книгата „Мојот спас од лавиринтот на смртта наречен спиритизам“, од авторот Илија Ампевски, најсериозно им ја препорачувам на сите, пред сé како четиво кое на најинтересен и најуспешен можен начин ја разоткрива и обелоденува мистеријата на спиритизмот и ги урива столбовите врз кои тој почива, но и како превентива да не станат негов плен и трагично да завршат со животот.

Проф. Никола Тасевски

## Увод

Мојот живот беше премногу тажна сторија, преполна со проблеми во сите области - проблеми во семејството, во љубовта, во здравјето, во меѓучовечките односи, во општеството во кое живеев и во професијата како професионален музичар. Бев проникнат со екстремно немирен дух кој не можев да го скротам на никаков начин. Потрагата по општ и духовен мир и силната желба да го дознаам она што ме очекува во иднина ме турнаа во стравотниот лавиринт на смртта, наречен спиритизам, од кој никој не може да се извлече сам, без Божја помош.

По драматичното лутање по светот, конечно во триесет и втората година од животот го најдов мојот мир за кој срцето ми копнееше долги години. Благодарение на нашиот Господ Исус Христос, кој е пат, вистина и живот, го најдов патот по кој треба да одиме сите на оваа грешна планета Земја за да го пречекориме прагот на Божјето царство каде што владее вистински мир. Таков мир ни дава нашиот Спасител Исус Христос уште на оваа земја. Со таков небесен, Божји мир, кој не доаѓа од овој свет, сега сум исполнет и јас, и се борам за нешто непропадливо, за вечно, за Божјето царство во кое „Бог ќе избрише секоја солза од нивните очи, и смрт нема да има веќе; ни плач, ниту пискот, ниту болка нема да има веке, бидејќи поранешното помина“ (Откровение 21,4).

Нашата планета Земја, на која живееме сега, ја пустат војни, болести, глад, суши, пожари, земјотреси, вулкани, торнада, циклони, урагани, поплави, цунами и други несреќи и катастрофи, кои преминуваат во ранг на катаклизми, како и огромни и нескротливи турбуленции на светската економска и политичка сцена. Сето тоа наскоро засекогаш ќе исчезне од нашето сеќавање, зашто Бог ни дава такво ветување: „И видов ново небо и нова земја, зашто поранешната земја помина" (Откровение 21,1-4), а Божјите зборови и ветувања се „вистинити и верни."

Мојот живот, како посветен христијанин-адвентист, сега го живеам во тесна врска и заедница со Дарителот на животот, во молитви за моите духовни потреби и во посреднички молитви за моите ближни, и секој ден ја проучувам Библијата и други книги со библиска содржина.

Јас со ништо не заслужив да бидам жив и благословен од нашиот Господ Исус Христос и немам зборови со кои би можел да ја искажам неговата милост и љубов кон мене. „Зашто Бог толку го милее светот, што го даде и својот единороден Син, за никој кој верува во него да не загине, туку да има живот вечен" (Јован 3,16).

Почитуван читателе, јас го најдов патот до Божјето царство, а верувам и цврсто сум убеден дека и вие ќе го најдете со помош на Светото писмо или Библијата, за што сведочам во оваа книга.

По многу молитви и барања од Бога да ме води со Светиот Дух при пишувањето, решив да бидам уште еден сведок кој сведочи за изворната вистина чијшто извор е нашиот Бог. Ја опишав и напишав жестоката борба низ којашто поминував и поминав, борбата што ја водев со сатаната и со силите на темнината, сите доживеани и преживеани битки со него и со неговите паднати ангели или демони, како и искуствата што ги стекнав при тоа со нашиот Спасител, Господ Исус Христос, кој ме избави од нивните подмолни стапици што ми ги поставуваа на секој чекор. Затоа, голема благодарност и слава Нему.

Стојам зад секој збор напишан во оваа книга. Тврдам дека е точно и вистинито она што е напишано во неа, за што имам и многу сведоци. Почитуван читателе, ви препорачувам книгава да ја прочитате до крај. Со помош на Библијата сами уверете се дали ова што го напишав е вистина.

Авторот

# МОЈОТ ЖИВОТ

Роден сум на 24 март во 1974 година во Скопје, главниот град на Република Македонија, поранешна југословенска република, која се граничи со Србија, Бугарија, Грција и Албанија. Растев во четиричлено семејство како прво дете, заедно со мојата помала сестра, Билјана, со нашите родители, татко Благоја и мајка Марија. Моите родители се родени во православно семејство кои православната вера ја наследиле од своите родители, а истата и јас од нив.

Сè што можев да научам од православието беше преданија, традиции, обичаи и суеверија, кои се присутни кај народот во Македонија и во цел свет. Во кругот на моите родители, роднини и пријатели, никој не го познаваше Светото писмо. Во црква одевме на сите поголеми празници, слави, венчавки и крштевки на некој близок од фамилијата.

Си спомнувам како баба ми, која по потекло е од Грција, се молеше секое утро и вечер на грчки јазик, и ништо повеќе од тоа, а дедо ми беше умрен пред да се родам јас. Од страна на татко ми се шест деца: тројца браќа и три сестри. Баба ми и дедо ми живееја во село Радање, Штипско, во Источна Македонија, и се занимаваа со земјоделие и сточарство. Како дете ми причинуваше посебно задоволство за време на летниот распуст да одам кај нив и да бидам надвор од градскиот начин на живеење.

Прабаба ми, Гонка, живееше со нив и имаше повеќе од 100 години. Таа се занимаваше со баење, кое подоцна го прифатија и двете сестри на татко ми. Баењето ќе биде опишано подоцна.

До 10-годишна возраст се сеќавам на убави моменти поминати со моите родители и со нашите роднини на одмори, свадби, родендени и испраќање во војска. Жи-

веевме во двособен стан во една централна населба, Аеродром, во Скопје. Татко ми беше учител по музика во неколку основни училишта. Свиреше клавир и гитара, а во слободното време пееше како пејач на народна музика во повеќе културни уметнички друштва.

На еден концерт за војската на Македонија имаше настап, па со себе ме поведе и мене. Кога го слушнав неговиот пријател како свири кларинет, кај мене се роди желба и јас да свирам на тој инструмент, а подоцна и на саксафон, од кој и до ден денес не можам да се одделам. На 10-годишна возраст почнав да посетувам нижо музичко училиште, кое траеше шест години, во кое учев да свирам класична музика, отсек кларинет.

Во исто време, додека учев класична музика, почнав да свирам и народна музика, која е традиционална во Македонија за време на свеченостите поврзани со испраќање во војска, свршувачки и свадби.

Пред да биде објавен конкурсот за прием во Средното музичко училиште во Скопје, професорот по кларинет бараше од татко ми мито за да бидам примен во училиштето, иако ги исполнував сите услови за прием. Не можев да разберам зошто толку бргу луѓето се менуваат во наполно други личности и како носат маски на своите лица. Се обидов да се запишам во друго музичко училиште, оддалечено 100 км од мојот дом, во градот Штип, каде што бев примен.

Следните две години ме научија да се борам сам во животот и имав голем предизвик и желба секојдневно да навлегувам во тајните на кларинетот и саксафонот.

Во втората година сам конкурирав во Средното музичко училиште во Скопје, во кое ме примија како редовен ученик. Вежбав од 5 до 10 саати секој ден, подготвувајќи се за републичкиот и државниот натпревар во кларинет кој се одржа во 1991 година во Скопје и истата година од 18 до 21 април во Херцег Нови, непосредно пред да се распадне тогашна Југославија. На двата натпревара освоив прво место, но имав и искуство со таканаречени гледачи на дланка, за што ќе стане збор подоцна.

Народната музика ме привлекуваше уште како дете, па по завршувањето на средното училиште престанав да свирам класична музика. Бев повикан од најпопуларниот професионален оркестар „Македонски мерак“, со кој свирев 7 години низ цела Европа, до 1998 година. Почнав да ги усовршувам сите балкански и светски стилови на музика, свирејќи по турнеи, концерти, кафеани, свадби и како студиски музичар. Снимив над 100 касети со пејачи и мои 6 аудио ЦД, ДВД и видео касети. Создадов нов, препознатлив стил на свирење и начин на импровизирање, кој беше новина во народната музика и е прифатен низ цел свет кај Македонците и пошироко. Но мојот живот не беше толку розов.

## НЕШТО СЕ СЛУЧУВАШЕ!

Татко ми ја смени професијата. Почна да работи како трговски патник, продавајќи текстил низ цела Македонија. Баба ми, од страна на мајка ми, беше стара и бараше некој од децата да ја догледа. Моите родители ја прифатија нејзината молба и направија судски договор за нејзина доживотна нега и издршка. Од тој момент во мојот живот почна вистински хаос. Се јави таков раздор, несогласие, гнев, љубомора и расправии за имотот на баба ми со останатите деца од нејзиниот прв брак, што сè заврши на суд. Тие беа прашани, но одбија да ја чуваат. Не можеа да го прифатат направениот договор со кој ќе бидат лишени од наследството.

Татко ми инвестираше многу пари во реновирање и проширување на куќата, но бранот што го разруши семејниот мир и она што го спечалија моите родители, не престануваше. Се преселивме, напуштајќи ја баба ми која никогаш веќе не ја видов. Купивме друга куќа во која живеевме неколку години, но и таа мораше да се продаде заради долгот во кој западнавме. И станот што го имавме беше продаден за да се врати споменатиот долг.

Почнав да живеам живот полн со закани и страв за мојот живот и за животот на моите родители. Истовремено сите негови браќа и сестри се испокараа за делба на имотот поради кој никој со никого не контактираше повеќе. Гледав како мајка ми секојдневно тоне во себе, барајќи излез од целата ситуација. Со големи маки некако успеавме да купиме друга куќа во центарот на градот. Но и тука татко ми сета вина за семејните тешкотии ја префрлуваше врз мајка ми, при што често избиваше конфликт меѓу мене и него, зашто јас застанував на нејзина страна да ја бранам. Сите овие проблеми ме однесоа во лавиринтот на смртта, во лавиринтот на спиритизмот, од кој никој не може да го најде излезот без Божјата милост и љубов.

## ВЛЕЗ ВО ЛАВИРИНТОТ НА СМРТТА

Во 5-та книга Мојсеева во 18-та глава Бог ни го објаснува својот гнев против многу активности на сатаната кои биле присутни кај незнабожечките народи во времето кога Евреите влегле во Хананската земја што им ја ветил Тој. Истите активности се присутни и во овој 21 век во кој живееме ние, со таа разлика што сатаната ја изменил нивната форма, додека суштината останала иста.

*„Кога ќе влезеш во земјата што ти ја дава Господ, твојот Бог, не ги прифаќај одвратните гнасотии на оние народи. Кај тебе нека не се најде некој кој би ги гонел низ оган својот син или својата ќерка; кој би се бавел со гатање, со чародејство, со вражање и волшебништво. Никој кој би баел, кој би повикувал духови и души на предците или кој би се обраќал на покојниците. Зашто му се гади на Господа секој што прави нешто такво. Заради таквите одвратности нив и ги гони пред тебе Господ, твојот Бог. Биди му сосем верен на Господа, својот Бог. Народите што наскоро ќе ги истераш слушаат вражалци и гаталци, но Господ, твојот Бог, не ти го дозволува тоа тебе.“ (5 Мојсеева 18,9-14)*

Од овие активности на сатаната јас во текот на мојот живот директно сум доживеал и преживеал неколку. Најпрво сакам да ви објаснам како дојдов во контакт со нив и од која причина, која влијаеше фатално врз мојот живот.

Мајка ми како малечки нè носеше кај луѓе кои гледаат на икони и преткажуваат што ќе ви се случи во иднина. Таа бараше решение за нашите семејни проблеми, мислејќи некој да не ни направил некаква магија, или пак постои некоја друга причина за тоа.

Пред куќата во која живеевме во населбата Тафталиџе почнавме да наоѓаме најразлични предмети: конци, партали, земја, крв. Сето тоа, заедно со мојот внатрешен немир, здравствевените проблеми, проблемите во љубовта, во семејството и во општеството во кое живеев, ме натераа подоцна, како возрасна личност, и јас да одам кај овие квази Божји слуги: кај гледачи на икони, гатачи, гледачи на кафе, на дланка, бајачи, кај оџи, астролози, биоенергетичари, хипнотизери, и на крај кај најдлабокото и најопасното - кај истерувачи на демониџинови.

## ГЛЕДАЊЕ НА ИКОНИ

Кога зборувам за икона или за икони, мислам на истите икони што се наоѓаат во православните и католичките цркви. Сведок сум колку луѓе чекаа на ред по неколку саати за да бидат примени кај овие преткажувачи со помош на икони. Можев да видам мажи и жени како чекаат со нивните деца и бебиња - луѓе од сите општествени слоеви и нации. Сите беа тажни, очајни и замислени, надевајќи се дека ќе најдат решение за своите проблеми. Средината од која доаѓам јас е полна со суеверија - верување кај народот дека некој те проколнал, те урочил или ти направил магија која е причина за некој проблем во нашиот живот.

Мнозина доаѓаа од здравствени причини и проблеми - жени неротки, разочарани во љубовта, семејни, финансиски проблеми, деца кои не можат да спијат или плачат многу, кај народот познато како урочен или погледнат со лоши очи. Некои доаѓаа од чисто љубопитство за да дознаат што ќе им се случи во иднина, а можев да слушнам директно од преткажувачите за некои луѓе кои доаѓаа кај нив за совет како да му се одмаздат некому, полни со најсвирепи и најподли намери кои може човек да ги замисли во својот ум, а за тие услуги плаќаа големи суми пари.

Во Македонија, а и во соседните земји, секоја помала населба и село има по некој гаталец, за чијашто моќ да преткажува, да прави магии и слично, луѓето веруваат дека доаѓа директно од Бога. Исти такви квази Божји слуги можев да видам низ цел свет, но во друга, многу помодерна насока, со легално регистрирани бизниси, каде што ги нудат своите услуги за откривање на иднината и за правање и поништување на магии. Обично тие работат во своите домови, а некои во цркви и манастири. Дали сето тоа е вистина? Ќе можете да се уверите од моето сведочење во оваа книга.

Сум доживеал многу искуства со таканаречени гледачи на икони, но би сакал да наведам некои заеднички податоци што ги забележав кај нив во нивната работа.

1. Сите паѓаат во некаков транс и со изменета состојба на лицето гледаат во иконите и зборуваат неразбирливи зборови од стомак. Некои свират со устата како да разговараат со некоја птица и добиваат одговор што да направат и што да ви кажат.

   Господ ни порачува: „Ако ви речат: 'Прашајте ги духовите и оние кои пророкуваат за иднината, што шепотат и мрморат' - одговорете: 'Зар народот не треба да го праша својот Бог? Зар мртвите се прашуваат за живите?“ (Исаија 8,19)

2. Прво што ќе ви кажат е дека некој ви направил магија. Некои кажуваат кој е причинителот, а некои не. Многу ретко се случуваше кога ќе дојдов кај нив да ми кажат: Сѐ е во ред со вас, Илија. Немаш никакви проблеми, никој не ви направил магија.

3. Пред да почнат со гледањето, бараа моја слика, маица, конец од мојата гардероба, чорапи, гаќи, перче од косата, клуч, или некој друг предмет кој ми припаѓаше лично мене. А некои бараа мој личен потпис или ден, месец и година кога сум роден. Почнуваат да ви зборуваат за проблематики кои се секојдневие од нашиот живот: здравјето, љубовта, парите, бракот, децата, работата, но крајот на разговорот е поврзан со магии.

4. За да почнат со сеансата за чистење од магијата, бараат пари. Некои имаат одредена тарифа за своите услуги, на некои колку ќе им дадете, по ваша желба, а со некои можете да се договарате како да сте на

пазар. Цените се движат од 100 до неколку илјади евра, зависно од тоа каков одговор ќе добијат од силите на темнината, од паднатите ангели или од демоните и од нивниот водач, сатаната.

Овие гледачи на икони дејствуваат како маѓесници кои прават магии и ослободуваат од магии, како бајачи од уроци, од плускавци и од црвенило, како предкажувачи на иднината со помош на тарот карти, како гледачи по знаци на кафе и на ваши лични предмети, како повикувачи на мртви и истерувачи на духови и слично. Сето тоа го прават во директна спрега и со помош на силите на темнината од кои добиваат одговор и упатства што да направат и што да ви кажат.

5. Чистењето од магија, од урок и од плускавци кои се јавуваат на телото (најчесто на малите прсти на нозете) го прават со катанец, клуч, ластик, шише со вода, босилек, темјан, сол, зејтин. Некои од овие предмети бараат да им ги донесете, без кои не можат да ве исчистат. Предметие ги задржуваат кај себе и, по неколку дена, откако треба да направат некои ритуали, на кои бев лично присутен, ќе ви кажат што да направите со нив. Обично ве тераат да се напиете неколку пати од водата во која има босилек, а со останатиот дел да се бањате; да спиете со катанец и ластик под перница неколку дена, и сите овие предмети да ги фрлите во некоја река или на сред раскрсница, а други ве упатуваат и да кажете некои зборови додека ги правите овие ритуали.

   Многумина од нив ме тераа да идам да запалам свеќа во некоја православна црква или манастир, да оставам подарок, кошула или чорапи и да земам света вода од истата црква која морав да ја пијам. Некои ме упатуваа да одам во одредена православна црква попот да ми чита молитва за здравје, којашто ја изговараше на старословенски јазик од кој не можев да разберам ништо, а здравјето уште повеќе ми се влошуваше.

   Сите тие прават и ви даваат амајлии-заштитници во вид на триаголник, со кои ќе бидете заштитени од магии и уроци. Истите амајлии што ги даваа овие слуги на нечестивиот и лукав непријател ги среќавав и во други земји. Но, иако се случуваше мојата ситуација за извесно време да се нормализира, во целост таа воопшто не се поправаше. Немирен дух, здравствени проблеми, немирен сон, проблеми на сите страни, со тенденција на сѐ полошо.

6. Кај никого од нив не видов Библија, иако секој втор збор им беше: Бог ќе те чува, Бог ќе те спаси, Бог ќе ти даде среќа и пари, и целата своја моќ му ја припишуваа на Бога.

7. Најважно за сите овие сатански слуги е што ниеден од нив не може да ви каже со 100-процентна точност и сигурност што ќе ви се случи во иднина. Многу работи ни се случуваат така како што се случуваат затоа што ние сме дозволиле да бидеме орудие во рацете на сатаната и сме се согласиле тој да го води нашиот живот и совест, и затоа крајот секогаш е фатален бидејќи во многу случаи завршува со трагична смрт.

   Знаејќи ја сега изворната вистина за нашиот Господ Исус Христос, можам да кажам само слава на Бога во висините. Непознавањето на Бога и Библијата ме турна во тотален хаос, бесмисленост, залудност, бесцелност и уништување на мојот живот кој требаше да заврши со смрт во триесет и втората година од мојот живот.

# БИОЕНЕРГИЈА

Искуство со луѓе кои лекуваат со помош на биоенергија имав неколку пати во мојот живот. Причина која ме однесе кај нив беше моето здравје за кое лекарите не можеа да постават вистинска диајгноза и да го стабилизираат. Целиот мој живот работев по кафеани и ноќни барови во кои се пуши и има слаба вентилација на воздухот што го дишев свирејќи по цели ноќи. Иако јас не пушев, сепак бев пасивен пушач и тоа се одрази многу лошо на моето здравје.

Слушав од пријатели како биоенергетичарите помагаат таму каде што медицината не може да помогне. Имав чести главоболки и грчеви во стомакот кои знаеја да ме држат по неколку минути и ме тераа на повраќање. Таа појава ме следеше во текот на целиот мој живот сè до 2006 година, кога ме повика нашиот Бог, Исцелител, Исус, кој ме исцели од тоа зло, за што опширно ќе стане збор подоцна

## Еден третман кај биоенергетичар

Сите манифестираат натприродна сила која дејствува врз нашето тело, а нејзин извор е сатаната. Можат да подигнат кој било дел од нашето тело, иако нашиот мозок не дал наредба за таква активност. Можат да дигнат рака или нога во која било положба, да ве турнат на земја на која било страна, оддалечувајќи ве при тоа прилично далеку од себе.

Наводно помагаат при разни болести на нашето тело, поставувајќи дијагноза додека од нивните раце зрачи енергија којашто ја чувствувате. Најголемо чудо што го видов со свои очи - ве хипнотизираат. Видов младо дете кое имаше проблеми со ’рбетот кое доѓаше на третман кај тој биоенергетичар. Ми рече дека ќе ми демонстрира сила која излегува од неговите раце. Го скочани детето, хипнотзиријаќи го само со допир на главата. Телото му беше скаменето, така што си играше со него, ставајќи го во која било положба.

Но ниеден од нив не постави вистинска дијагноза за мојот здравствен проблем и не ми помогна, иако зрачеа сила којашто можев да ја почувствувам на моето тело. Некои од нив ми рекоа дека треба да одам кај други Божји слуги кои можеби ќе ми помогнат.

## ГЛЕДАЊЕ НА КАФЕ

Уште како дете секој ден гледав како мајка ми и нејзините пријателки, роднини и комшивки, откако ќе испиеја кафе (турско), некоја од нив, која знаеше да гледа на кафе, им кажуваше нешто што ќе им се случи во иднина. Од кафето останува талог во филџанот кој го превртуваат и оставаат тој да се разлее. Талогот од кафе прави различни фигури во кои гледаат најави за она што ќе ви се случи во животот.

Ова преткажување го прифатив како секојдневие кое е присутно насекаде низ светот. Оваа активност за младите е забава, но и вистина. На 15-годишна возраст почнав да свирам по кафеани и ресторани и со години посматрав како луѓето гледаат на кафе и на јавни места, обично по завршувањето на ручекот или вечерата. Но тоа е една од стапиците на сатаната која сигурно ви дава бесплатен влез за лавиринтот на смртта.

Мојата здравствена ситуација и околностите ме одведоа кај познат интелигентен човек, интелектуалец, кој гледа на кафе и наводно преткажува со голема точност. Тој е верник на Православната црква кој постојано оди по цркви и манастири. Кај него се доаѓа само со закажување. Преткажувањето на иднината и сè што ќе ви каже го снима на касета која ви ја дава да ја слушате дома за да постапите така како што ви кажал. Откако ќе го испиете кафето и откако филџанот во превртена положба ќе направи фигури, тој почнува со гледањето. Сакам да наведам неколку сличности што ги имаат сите, па и овој сатански слуга.

1. Се занесува во транс и почнува без престан да зборува, гледајќи при тоа во една точка на ѕидот. Бојата на гласот му се менува, така што и начинот на неговото изразување е сосем поинаков.
2. Не правеше ниту ми кажа дека правел магии.
3. Ве упатува во одредени православни цркви и манастири да направите неколку круга околу нив, да запалите свеќи пред икони, да земете света вода и во одредени денови пост, но пост како што постат во православието и во католицизмот, кој нема никаква врска со вистинскиот библиски пост. Понатаму, треба да купите некоја икона која ќе биде ваш заштитник, истата да ја осветите и да прифатите слава на некој светец во православието и католицизмот и да ја славите во вашиот дом.
4. Никогаш не видов Библија пред него и во неговиот дом, и затоа не е ни чудно што самиот тој нема познавање од Светото писмо.
5. Сè што ми кажа за мојот живот беше точно, но она што го кажа дека ќе ми се случи во иднина никогаш не се исполни.
6. Сите овие ритуали на кои ме упатуваше тој гледач на кафе ги среќавав и кај гледачите на икони, тарот карти и кај бајачите.

Тој интелигентен, самонаречен Божји слуга, ми даде последни информации пред да заминам во Австралија во 2005 година. Ми советуваше да ја напуштам мојата сопруга и моето синче кое имаше само две и пол години. Сопругата да ја напуштам затоа што таа не е за мене бидејќи, наводно, ме мами, а за сите проблеми во мојот живот е виновен мојот татко. Заклучок: да се откажам и од моите родители и од мојата сестра и да почнам нов живот.

## ПОВИКУВАЊЕ НА ДУХОВИ СО ПОМОШ НА УИГИ ТАБЛА

„Кај тебе нека не се најде... таков кој би повикувал духови и души на предците или кој би се обраќал на покојниците... ниту маж или жена... повикувачи на духови на мртви“ (5. Мојсеева 18,10.11; 3. Мојсеева 20,7).

Свирејќи на една свадба во 1990 година во Скопје, запознав девојка која живееше во Шведска. Нашето познанство прерасна во сериозна врска која требаше да заврши со брак. На нејзина покана во 1991 год. заминав во Малме, град во Шведска. Таа не беше полнолетна, но веќе завршуваше средно училиште.

Една вечер бевме поканети на гости кај нејзина школска другарка, Швеѓанка. Малку потоа дојде уште една нивна другарка, по потекло од Хрватска. Додека ги слушав како зборуваат за своите животни проблеми, кај мојата свршеница се јави желба да повикуваме духови. Се согласив, мислејќи дека тоа е некоја забава која не ми беше позната, а бев љубопитен да ја дознаам.

Скинаа лист од тетратка и ја напишаа сета шведска азбука, броевите од еден до десет и одговор да и не. Ја изгаснаа струјата во собата, запалија свеќа, потоа зедоа празна чаша којашто ја превртија и ја ставија над листот. Сите ставивме по еден прст на чашата на одалеченост од неколку сантиметри и почнавме да повикуваме духови на некои мртви. По извесно време чашата почна да се движи и да ни дава одговори на нашите прашања. Духот се претстави како дух на некој Швеѓанец кој умрел одамна. Секој по ред поставуваше прашања и добиваше одговори сè додека не ни беше кажано да престанеме. Штом престанавме да прашуваме, почна нешто да тропа по ѕидовите и свеќата се изгасна. Тоа беше мое прво и последно морничаво искуство поврзано со повикување на духови со помош на таканаречена „уиги табла“.

По неколку месеци се разделивме со мојата свршеница, иако информациите што ги добивме таа вечер ни ветуваа нешто друго.

### Спиритизмот е мошне опасна авантура во која лекомислено се впуштаат милиони луѓе

Голем број млади, особено во тинејџерскиот период, како што бев и јас, но и многу возрасни и зрели лица што ги сретнав во 2007 година во Канада, од чисто љубопитство се впуштаат во иста авантура која сигурно му отвора пат на сатаната и на неговите демони да го водат нивниот живот по лоши патишта чијшто крај навистина е фатален, ако не се тргнат навреме и ако не побараат помош од Бога кој единствено може да ги избави од тој страшен лавиринт од кој нема излез на ниту еден друг начин.

Многу луѓе мислат дека постојат добри и лоши духови кои им се јавуваат на тие сеанси на кои се повикуваат духови. Оние што ќе постигнат повисок степен на комуникација слушаат гласови и гледаат материјализирани духови кои всушност се побунети и отпаднати ангели претворени во демони, протерани од небото на нашата планета, на чело со својот водач, сатаната, кои се појавуваат во сите облици на спиритизмот.

Но, откако му служам на вистинскиот жив Бог, Исус Христос, кој ги создал небото, земјата и сета нивна убавина, и откако ја запознав изворната библиска вистина и ги држам 10-те Божји заповеди онака како што ги дал Бог во Библијата, мојот живот има наполно поинаква смисла и цел. Нашиот Господ Исус Христос ме повика во 2006 г. во Сиднеј и ме спаси во борбата што ја имав неколку месеци директно со тие зли духови кои се

претставуваат како духови на умрените. Вистината за нив ќе ја видите и ќе ја дознаете од моите искуства и од Светото писмо, кое поинаку се вика Библија и Божја реч.

Едно е сигурно! Божјата, односно изворната библиска вистина за тие вселенски бандити, за демоните, е наполно поинаква од онаа што постои за нив во сфаќањата кај народот. Нивниот вистински идентитет, сета нивна злоба, пакост и садизам, сите нивни грозни активности со кои предизвикуваат најстрашни хорори не само со планетарни, туку и со вселенски димензии и уживаат во нив - сето тоа ни го открива единствено Божјата реч, Библијата. Само таа ги урива сите таинствени паравани зад кои извонредно вешто се кријат и ги отстранува сите измамливи маски со кои се наметнуваат овие мрачни сили, изнесувајќи ни ги на најјасен можен начин, видливо и за секого сфатливо, нивните подмолни стапици од кои нема излез без Бога, а во кои упаѓаат милиони луѓе во цел свет од сите општествени структури, почнувајќи од наједноставните луѓе до највисоките интелектуалци. Сатаната и неговите демони мошне лукаво ја поставуваат својата мрежа во која лесно се вплеткуваат и стари и млади, почнувајќи од почеток љубопитно и наивно да повикуваат духови на умрените сè додека тој не ги вклешти во своите страшни канџи и прангии од кои нема спас без покајание и без Божја помош.



## ИСКУСТВО НАРЕЧЕНО АСТРОЛОГИЈА

Во 1998 година добив покана да одам на турнеја во Канада, но истовремено и покана да одам во Америка, кај мојата девојка, која живееше во Тампа, на Флорида. Притисокот што го имав од страна на татко ми од ден на ден стануваше поголем. Тој од мене бараше да заминам и да живеам во некоја друга земја, а со себе да го поведам и него и мајка ми. Бевме задолжени со голема сума пари, па мораше да ја даде во залог куќата во која живеевме долги години. Мислеше дека, ако побегне во друга земја, ќе се решат нашите финансиски проблеми.

Решив да одам во Америка, кај мојата девојка, како турист, и да видам како ќе се одвиваат работите со неа. Имав најсериозни намери да стапам во брак и сакав еднаш засекогаш да се среди мојот живот.

Пред да заминам за Флорида, ми препорачаа еден јасновидец кој наводно дава многу точни информации за иднината со помош на астрологија. Бев љубопитен и отидов кај него за да видам што ќе ми се случи во Америка. Имаше околу 30 години и, според кажувањата на други, сè што ќе преткаже тој е вистинито и точно. Ми кажа дека се приготвувам за пат во Америка и многу други точни работи од мојот живот. На пример, како живеев порано и во моментот. Но од она што ми го кажа за мојата иднина ништо не се исполни точно. Сите информации ги добиваше од астролошките знаци, но претходно од мене побара да му дадам податоци за мојот ден, месец и година на раѓање. Ми рече дека ќе одам во Америка и ќе почнам нов живот полн со благослови од Бога!?

Откако заминав во Флорида, мојот душевен немир не престануваше. По еден месец се разделив од мојата